**ПОВИК ЗА ЕКСПЕРТ/И за подготовка на анализа за статусот на имплементација на реформите поврзани со медијацијата**

во рамки на проектот „Медијација, без дилема!“, финансиран од амбасадата на Кралството Холандија.

## 1. ВОВЕД

Проектот „Медијација, без дилема!“, Институтот за европска политика го спроведува во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители ,,Павел Шатев’’, Комората на медијатори на Република Северна Македонија и Холандската федерација на медијатори. Проектот е финансиран од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје.

Главна цел на проектот е да придонесе кон зголемување на стапката на користење на медијацијата како алтернативен начин за решавање на споровите.

## 2. ЦЕЛ, НАМЕНА И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

### 2.1. Цел на задачата

Целта на оваа задача е да се подготви анализа за статусот на имплементација на реформите за медијација предвидени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017 – 2022 година со Акциски план. Експерт/ите ќе треба да спрове канцелариско истражување за соодветните закони, меѓународни и национални документи и интервјуа со релевантни засегнати страни, со акцент на Министерството за правда, Комората на медијатори, судиите, медијаторите. Истражувањето ќе има за цел да го анализира напредокот во процесите за реформа на медијацијата во земјата преку анализа на податоците од интервјуата и соодветните закони и документи. Анализата ќе ги вклучува наодите од фокус групата со претставници од бизнис секторот, која треба да ја спроведе експерт/ите со поддршка на ЕПИ.

### 2.2. Намена

Резултатите од анализата ќе послужат за согледување на состојбата со реформите поврзани со медијацијата, како и давање препораки за унапредување на состојбите.

### 2.3. Очекувани резултати

Изработка на анализа на политика за имплементација на реформите поврзани со медијација утврдени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017 – 2022 година со Акцски план и да се согледаат состојбите во областа, со конкретни препораки за унапредување.

## 3. ПРЕТПОСТАВКИ И РИЗИЦИ

### 3.1. Претпоставки

- Претставниците од бизнис секторот сакаат да учествуваат во фокус групата.
- Клучните засегнати страни сакаат да учествуваат во интервјуата.

### 3.2. Ризици

- Недоволна заинтересираност на претставниците на бизнис секторот и клучните засегнати страни.

## 4. ОПФАТ НА ЗАДАЧАТА

### 4.1. Опис на задачата

При спроведувањето на активностите, експерт/ите треба да биде во редовна комуникација и координација со проектниот тим. Од избраниот кандидат/кандидати се очекува да ги изврши следните активности:

- Анализа на политика за статусот на имплементација на реформите за медијација предвидени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017 – 2022 година со Акциски план. Експерт/ите ќе треба да спроведе канцелариско истражување за соодветните закони, меѓународни и национални документи и интервјуа со релевантни засегнати страни (најмалку 3 интервјуа), со акцент на Министерството за правда, Комората на медијатори, судиите, медијаторите. Истражувањето ќе има за цел да го анализира напредокот во процесите за реформа на медијацијата во земјата преку анализа на податоците од интервјуата и соодветните закони и документи. Анализата ќе ги вклучува наодите од фокус групата со претставници од бизнис секторот, која треба да ја спроведе експерт/ите со логистичка поддршка на ЕПИ.
- Подготовка на прашалник и модерирање на фокус група со бизнис сектор. Логистиката за организација на фокус група, како и средствата ќе бидат обезбедени од ЕПИ.

### 4.2. Продукти

Анализа на политика за имплементација на реформите поврзани со медијација утврдени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017 – 2022 година со Акцски план и клучни предизвици.

Спроведување на најмалку 3 интервјуа.

Подготовка на прашалник за фокус група и спроведување на фокус група со логистичка поддршка од ЕПИ.

**4.3. Одговорно тело**

За имплементација на оваа активност експерт/ите треба да биде во постојана координација со ЕПИ.

## 5. ЛОГИСТИКА И ВРЕМЕНСКА РАМКА

**5.1. Локација**

Задачите ќе бидат спроведени на територијата на Република Северна Македонија.

**5.2. Почеток и период на спроведување на задачите**

Очекуван почеток на работата е 1 септември 2021 година, а за спроведувањето се предвидени работни денови согласно наведеното во табелата подолу. Фокус групата треба да биде спроведена до 10 октомври. Прво нацрт треба да биде доставен до 30 октомври, додека целокупното истражување (финалната анализа) до 15 ноември 2021 година.

| **Задача** | **Експертски денови** |
|---|---|
| Анализа на политика за имплементација на реформите поврзани со медијација утврдени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017 – 2022 година со Акцски план. | 6 денови |
| Подготовка на прашалници и спроведување на 3 интервјуа | 3 дена |
| Подготовка на прашалници и модерирање на фокус група | 3 ден |

Имплементаторите на проектот го задржуваат правото на измена на временската рамка за испораката на нарачаните услуги од страна на експерт/ите во зависност од претходно реализираните активности кои се во рамките на овој проект.

## 6. УСЛОВИ

На овој повик може да се пријави индивидуален експерт или група од експерти со најмногу 3 експери кои ги исполнуваат условите.

Експерт/ите кој ќе биде ангажиран треба да ги исполнува следниве услови:

- Најмалку високо образование по општествени науки;
- Најмалку 5 години работно искуство во активности поврзани со анализи, следење и евалуација на политики.
- Предност ќе имаат кандидатите кои имаат спроведени истражувања поврзани со медијацијата.

Изборот ќе се направи врз основа на најдобра вредност за понудена цена, при што ќе се земат предвид доставената биографија (резиме) на понудувачите, поднесените документи за

организација и методологија на работата и финансиските понуди. Оценувањето на пријавата се врши согласно следната табела:

| **Квалитет на пријавата** | **Максимум поени: 80** |
|---|---|
| Образложение и биографија | /30 |
| Стратегија | /40 |
| Временска рамка | /10 |
| **Финансиска понуда** | **Максимум поени: 20** |
| Финансиска понуда | /20 |
| **Вкупен број поени** | **/100** |

**7. ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Експерт/ите ќе достави и документ за евиденција на работното време.

**8. ЦЕНА**

Максималниот бруто износ за финализирање на активностите за кои ќе биде ангажиран експертот или групата на експерти не може да надмине 102250 денари.

**9. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Експертот/експертите е потребно да ги достави следните документи:

1. Детално резиме (биографија) на македонски или англиски јазик, со преглед на релевантно искуство;
2. Два контакти за препораки од претходно спроведени проекти/ангажмани;
3. Организација и методологија за развивање на задачата (Анекс 2);
4. Финансиска понуда во форматот прикажан во Анекс 3.
5. Пополнета и потпишана изјава од понудувачот (Анекс 4).

**Напомена:** Доколку се пријавувате како група на експерти, биографија и референци треба да бидат доставени за секој понудувач. Анекс 2 и Анекс 3 групата на експерти ги пополнуваат заеднички, додека Анекс 4 треба да го потпише секој експерт одделно од групата на експерти.

Документацијата треба да биде испратена на contact@epi.org.mk не подоцна од **30 август 2021 година**, со **предмет (subject): Пријава за експерт за подготовка на анализа за медијација**.

Избраниот кандидат ќе биде известен по електронски пат.